
Sax
clar
SAXCLAR2022
SAXCLAR2022
V МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ ПО КЛАРИНЕТ И САКСОФОН
V INTERNATIONAL CLARINET AND SAXOPHONE FESTIVAL
КОНЦЕРТ
Ристо Ѓоревски
кларинет
Весна Ѓиновска Илкова
сопран
Елена Атанасовска
пијано
Музеј на македонската борба - Скопје
Недела - 5.6.2022 - 20:00 часот

**Благој ЦАНЕВ – Sonata in Es**
за кларинет и пијано
*- Largo, Allegro ma non troppo -*
*- Lento sostenuto -*
*- Largo, Allegro -*

**Томислав ЗОГРАФСКИ – „Шум“**
за глас (сопран), кларинет и пијано Оп.13
*праизведба - текст: Блаже Конески

**Wolfgang Amadeus MOZART – “Parto! Ma tu ben mio.”**
од операта *“La Clemenza di Tito”* (трио за сопран, кларинет и пијано)
*- Adagio -*
*- Allegro -*
*- Allegro assai -*

**Ante GRGIN – Czardas Variations**
за кларинет и пијано

**Bela KOVACS – Salute, Signor Rossini!**

**Bela KOVACS – Ich Begrüsse Sie, Herr Johann Strauss!**

**Franz SCHUBERT – Shepherd on the rock**
за сопран, кларинет и пијано

**Astor PIAZZOLLA - Allegro Cantabile**
за кларинет и пијано

**Ристо Ѓоревски** своите студии на кларинет ги завршува на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на професор Иван Кочаров, во чија класа ги завршува и постдипломските студии во 2006 година. Добитник е на повеќе државни и меѓународни награди. Како член на различни оркестри настапувал со сите позначајни македонски оркестри, како и со оркестри со меѓународно реноме. На меѓународно ниво настапувал во Австрија, Албанија, Србија, Словенија, Словачка,Бугарија, Полска, Босна и Херцеговина, Русија, САД, Индонезија, Израел и др. Во 2018 специјализира Изведба на кларинет на Музичкиот универзитет Шопен во Варшава, Полска и истата година на Интернационалниот фестивал Клариманиа во Вроцлав, учествува како прв учесник од Македонија каде што се претставува со рецитал, предавање и мастерклас. Од тогаш е редовен гостин на фестивалот каде редовно настапува и одржува семинари.

**Весна Ѓиновска Илкова** во 1994 година дипломира во класата на проф. Милка Ефтимова, на ФМУ - Скопје, а во 2008 година магистрира во класата на проф. Радмила Бакочевиќ во Белград. Посветува часови на својата работа и посетува семинари на светски педагози: Рајна Кабајванска, Гимет Лоранс. Дебитира во март 1996 годна на сцената на Македонската опера и балет. Станува солист на куќата истата година, а неколку години потоа е назначена за првенец на Македонската опера и балет. Во изминатите две децении е водечки драмски сопран во Македонската опера и балет. Меѓународното деби го започнува во Националната софиска опера во 2001 година каде работи на исклучително технички сложената улога на Елизабета во операта Дон Карлос, која и носи договор за работа на следната продукција на Тоска и нејзино гостување во Ростхам театар, Алборг центар Копенхаген. Подоцна следат соработки со повеќе светски познати оперски куќи и продукции. Својата репертоарна позиција како уметник ја донесува до најтешката форма за изведба на сцената – рециталната. На големиот број на сцени и концертни сали ги исполнува делата на Шуберт, Шуман, Чајковски, Глинка, Вебер, Лист, Сибелиус, Бернштајн и др. За потребите на матичната куќа има снимено повеќепремиерни изведби, го има издадено своето ЦД насловено како “Вистински вредности” во 2006 година.

**Елена Атанасовска Ивановска** е една од најуспешните и најафирмираните пијанисти во Република Македонија, која активно учествува во музичкиот живот во земјава, но и надвор од неа. Дипломира со највисока оцена CUM LAUDE на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на еминентниот проф. Борис Романов. Во 2005 година завршува постдипломски студии во класата на истиот професор. Во текот на музичкото образование се здобива со награди на

државни и меѓународни натпревари. Во 2003 година добива награда за најдобар студент од фондацијата „Франк Манинг“. Повеќепати имала соло настапи со Македонската Филхармонија и Камерниот оркестар на Музичката Младина на Македонија. Бројни се концертите во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето“, „Скопско Лето“, „Есенски музички свечености“, „Интерфест Битола“, „Денови на Македонска музика“, „Битолско лето“, „Гевгелиска есен“, но и фестивали надвор од земјава: „Сараевска Зима“ – Босна и Херцеговина, „Festival de Musica do palacio da Bolsa“ - Португалија, „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes“ – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije“- Р.Србија, „Carniarmonie“, „Нимус“- Р. Србија, „ДАМ фестивал“- Приштина, Косово и др. Со рецитали, полурецитали и како пијано соработник настапувала низ цела Македонија и надвор од неа: Русија, Америка, Франција, Шпанија, Португалија, Италија, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово. Активно соработува со неколку уметници од Македонија, меѓу кои вредно е да се споменат проф. м-р Гордана Јосифова- Неделковска, обоа, пијано дуото со проф. д-р Марија Ѓошевска, проф. д-р Горан Начевски, баритон и Ристо Ѓоревски- кларинет. Во моментов работи како доцент по корепетиција и практика на Факултетот за музичка уметност- Скопје.

ГРАД
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës